| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Плодови на есента |
| **Содржина на денот** | Истражувам со овошје и зеленчук |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за одржување на физичко растојание во градинка со другарчињата. Миење на овошјето и зеленчукот пред да се конзумира. Правилно миење на рацете со сапун. |
| **Активности** | Понудете му на детето да излезете на една утринска прошетка на воздух,малку да се раздвижите. Во надворешни услови врзете му ластик (може и внатре) од едната и од другата страна на некои предмети и нека скока.<br>Одберете неколку плодови од Вашиот дом (јаболко, круша, грозје, морков, пиперка, краставица). Разговарајте со Вашето детето како овошјето расте во овошна градина, а зеленчукот во зеленчукова градина. Претходно измиени ставете ги во чинија и понудете му на детето да ги допира и именува.<br>Можете малку да се забавувате и да истражувате што ќе се случи ако морковот го изрендате, а овошјето го исецкате. Вие рендајте, а детето нека Ве набљудува. Од изренданиот морков ќе добиете зеленчукова витаминска салата.Исто така и со овошјето, Вие исецкајте го,па поддавајте му на детето да ги става во чинија исецканите делови. Ќе добиете вкусна овошна салата. Понудете му на детето да си касне и од двете салати.<br>Додека приготвувате овошна и зеленчукова салата слушајте ја песничката „Јаболче и крувче” од детскиот фестивал „Златно славејче”- 2010 година. |